Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 и член 168 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 265/24, 17/25 и 132/25) член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за донесување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2025/2026 година

Член 1

СЕ ДОНЕСУВА Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2025/2026 година бр.01-81/2 од 09.07.2025 година, која Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, ја има утврдено со Одлука бр.02-82/3 од 10.07.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/7 Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2025/2026 година

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/10 Градоначалник
31.07.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 29 став 6 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/20, 78/25 и 132/25), член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2025/2026 година

Член 1

СЕ ДОНЕСУВА Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“-Валандово за учебната 2025/2026 година, која Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово ја има утврдено со Одлука бр.01-261/1 од 22.07.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/10 Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Детска градинка „Калинка” Валандово

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Детска градинка „Калинка” Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/11 Градоначалник
31.07.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), а во врска со член 44 став 3 и 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и член 36 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово а имајќи ја во предвид Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово од Владата на Република Северна Македонија бр.50-6003/51 од 08.07.2025 година, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Детска градинка „Калинка” Валандово

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Валандово прима на трајно користење без надомест движни ствари од Владата на Република Северна Македонија, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово од Владата на Република Северна Македонија бр.50-6003/51 од 08.07.2025 година и тоа:

Реден бр.	Назив на движните ствари	Опис на движните ствари	Количина (парче)
1.	Прочистувач на воздух	Производител: MANN+HUMMEL Модел: OURAIR SQ 1750 Инвентарен број: 250234	1
2.	Прочистувач на воздух	Производител: MANN+HUMMEL Модел: OURAIR SQ 1750 Инвентарен број: 250235	1

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука, Општина Валандово ги дава на трајно користење без надоместок на ЈОУ Детска градинка „Калинка” Валандово.

Член 3

Општина Валандово согласно Договорот за уредување на правата и обврските за престанок и давање на движни ствари на трајно користење бр.55-7018/1 од 16.07.2025 и бр.09-926/1 од 17.07.2025 година, најдоцна 60 дена од денот на влегување во сила на предметниот договор, да изготви Извештај до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ со преглед на објектите во кои се распределени движните ствари, со цел сублимирање на вкупните податоци за покриеност на објектите.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/11 Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/12 Градоначалник
31.07.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22, 17/25 и 132/25), член 22 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната

самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/20) и член 15 став 1 точка 7, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број

Член 1

Општина Валандово како основач на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка“ Валандово **ДАВА СОГЛАСНОСТ** оваа установа, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, да ја организира работата во детските градинки, во воспитната 2025/2026 година, со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/12 Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на СОУ Гоце Делчев Валандово

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување на финансиски средства на СОУ Гоце Делчев Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/13 Градоначалник
31.07.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на СОУ „Гоце Делчев” Валандово

Член 1

Со оваа Одлука, од Буџетот на Општина Валандово на Средното општинско училиште „Гоце Делчев” Валандово се одобруваат средства во износ од 450.000,00 денари за реконструкција на дел од кровната конструкција на училишната зграда.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се трансферират од Буџетот на Општина Валандово, програма АО, ставка 464 – други трансфери, на сметката на самофинансирачки активности на СОУ „Гоце Делчев” Валандово бр.708010682378711, приходно конто 725939 програма 00.

Член 3

Корисникот е должен, одобрените средства, согласно член 1 од оваа Одлука, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/13 Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Валандово за реализација на проектот „Изградба на водоводен систем во село Калково, III фаза, општина Валандово“

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Валандово за реализација на проектот „Изградба на водоводен систем во село Калково, III фаза, општина Валандово“;, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/15 Градоначалник
31.07.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/2024), член 21 став 1 точка 43, член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, а во врска со Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ („Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 04.08.2023 година), Советот на Општина Валандово на својата четириесет и деветтата седница одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Валандово за реализација на проектот „Изградба на водоводен систем во село Калково, III фаза, општина Валандово“

Член 1

Советот на Општина Валандово дава согласност за одобрување на финасиски средства за учество на Општина Валандово во реализација на проектот „Изградба на водоводен систем во село Калково, III фаза, општина Валандово“ доколку се јави потреба за истите.

Член 2

Општина Валандово ќе учествува во проектот со вкупен износ кој ќе претставува разлика помеѓу средства кои општина Валандово ги има добиено, согласно Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ („Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 04.08.2023 година) и вкупниот износ на финанскиските средства потребни за целосна реалзација на проектот одобрување на финасиски средства за учество на Општина Валандово во реализација на проектот „Изградба на водоводен систем во село Калково, III фаза, општина Валандово“, а за кој износот ќе биде утврден по завршувањето на постапката за јавна набавка и склучување на договор.

Член 3

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Валандово.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/15 Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/16 Градоначалник
31.07.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/2024), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025), Советот на Општина Валандово на својата четириесет и девета редовна седница одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово

согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу

Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот “**Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022)** и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ („Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 04.08.2023),

Член 1

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Валандово за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кој/и ќе се склучат согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 166 од 4.08.2023), помеѓу Општина Валандово и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Валандово да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Северна Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Валандово до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно со одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025).

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/16	Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год.	Претседател
Валандово	Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за измена на Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства за запишување на дете во прво одделение во Општинските основни училишта

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за измена на Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства за запишување на дете во прво одделение во Општинските основни училишта, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/17	Градоначалник
31.07.2025 година	на Општина Валандово
Валандово	Перо Костадинов

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Сл.весник на РСМ бр.202/24), член 21 став 1 точка 11, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за измена на Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства за запишување на дете во прво одделение во Општинските основни училишта

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена во Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства за запишување на дете во прво одделение во Општинските основни училишта бр.08-111/7 од 29.11.2021 година (Сл.гласник бр.15/21) со тоа што:

Во членот 5 текстот „Постапката за доделување на еднократна парична помош утврдена со оваа Одлука, ќе ја води Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Формирана од Градоначалникот на Општина Валандово со Решение бр.09-626/2 од 20.09.2019 година.”

се заменува со текстот:

„Постапката за доделување на еднократна парична помош утврдена со оваа Одлука, ќе ја води Комисија составена од 3 до 5 члена, која ја формира Градоначалникот на Општина Валандово.

Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства за запишување на дете во прво одделение во Општинските основни училишта на

територијата на Општина Валандово по претходно доставен предлог од предметната комисија, ја спроведува Градоначалникот на Општина Валандово со поединечен управен акт – Решение.”

Член 2

Останатите одредби од предметната Одлука остануваат непроменети.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/17	Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год.	Претседател
Валандово	Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности., што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/18	Градоначалник
31.07.2025 година	на Општина Валандово
Валандово	Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и деветтата редовна седница одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности

Член 1

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат финансиски средства за реализација на програмски активности, на следните здруженија:

- 30.000,00 денари на Училишен спортски клуб „Валандово” со ЕДБ 4003011501587, за реализација на програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на УСК „Валандово” број 240220002219572 депонент УНИ Банка АД Скопје.

- 90.000,00 денари на Здружението за спорт фудбалски клуб „ПОБЕДА КИДС” ЕДБ 4003024504941, како финансиска помош за реализација на тековни програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на Здружението за спорт фудбалски клуб „ПОБЕДА КИДС” број 210077615380103, депонент НЛБ Банка АД Скопје.

- 80.000,00 денари на Здружение на граѓани за развивање и организација на 3х3 Баскет спортот ГГ 3х3 Баскет Валандово со ЕДБ 4003022504448 за реализација на спортската манифестација, турнир во баскет 3х3, кој ќе се одржи во Валандово, на 09 и 10 август 2025 година.

Средствата да се исплатат од програма АО Совет на општина, подставка 463110 трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка на организаторот Здружение на граѓани за развивање и организација на 3х3 Баскет спортот ГГ 3х3 Баскет Валандово, број 210075945850150 депонент НЛБ Банка АД Скопје.

- 220.000,00 денари на ФК „Победа“ Валандово со ЕДБ 4003002103544, како финансиска помош за реализација на тековни програмски активности и за инфраструктурни и организациски подготовки.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 464990–други трансфери, на сметка на Фудбалски клуб „Победа“ Валандово број 200001634535837 депонент Стопанска банка АД Скопје;

- 30.000,00 денари на Општинскиот Против-пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво Валандово со ЕДБ 4003023504700, финансиска помош за реализиција на програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 464990 други трансфери на трансакциска сметка на Општински Против-пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво Валандово број 210076810460135 депонент НЛБ Банка АД Скопје.

- 30.000,00 денари на Здружение на локален рурален развој Валандер со ЕДБ4003024505069, финансиска помош за реализиција на програмски активности и прифаќање на иницијатива за фестивал на калинка.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 464990 други трансфери на трансакциска сметка на Здружение на локален рурален развој Валандер број 200004228826639 депонент Стопанска Банка АД Скопје.

- 120.000,00 денари на КФМ „ПРОЕКТ ” со ЕДБ 4006007122317, за реализација на спортска манифестација „Спортски игри Јосифовско лето 2025”.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463120 – трансфери до спортски клубови, на сметка на КФМ „Проект” Јосифово број 210062187090111 депонент НЛБ Банка АД Скопје.

Член 2

Корисниците од член 1 на оваа Одлука се должни, одобрените средства наменски да ги употребат и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација, да доставаат финснсиски извештаи, со фотокопија од документацијата за намената за која ги имат искористено.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/18 Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.06.2025 година

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.06.2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/2 Градоначалник
31.07.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.06.2025 година

1. **СЕ УСВОЈУВА** Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.06.2025 година, на вкупно остварени приходи од 156.717.451 денари односно 44,00 % од планираните приходи и на извршени расходи од 151.105.717 денари, односно 42,39 % од планираните расходи.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/2 Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучок за одобрување на План за измена и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Валандово за 2025 година

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за одобрување на План за измена и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/4 Градоначалник
31.07.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/2021 и 3/2025), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024) и член 45 и 48 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за одобрување на Предлог План за измена и дополнување на Планот на програмите за развој за 2025 година

1. **СЕ ОДОБРУВА** Предлог Планот за измена и дополнување на Планот на програмите за развој за 2025 година со Изградба на затворен пливачки базен во СОУ "Гоце Делчев" Валандово, Адаптација на ЈП

Комунален сервис во Валандово - поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија и Реконструкција на основно училиште ПУ "Даме Груев", со вкупен износ на буџетско учество во реализацијата на програмите од 78.603.685,00 денари.

2. Одобрениот Предлог План за измена и дополнувањето на Планот на програмите за развој е составен дел на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/4	Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год.	Претседател
Валандово	Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2026 година

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2026 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/5	Градоначалник
31.07.2025 година	на Општина Валандово
Валандово	Перо Костадинов

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и деветтата редовна седница одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за давање согласност на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2026 година

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2026 година, бр.01-80/1 од 02.07.2025 со Одлука од Управен одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово бр.02-82/4 од 10.07.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/5	Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год.	Претседател
Валандово	Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2024/2025 година

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2024/2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/6	Градоначалник
31.07.2025 година	на Општина Валандово
Валандово	Перо Костадинов

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 265/24, 17/25 и 132/25), член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2024/2025 година

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2024/2025 година бр.01-81/1 од 09.07.2025 година, кој Управниот

одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово го има утврдено со Одлука бр.02-82/2 од 10.07.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/6 Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2026 година

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2026 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/8 Градоначалник
31.07.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и деветтата редовна седница одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за давање согласност на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2026 година

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2026 година, бр.01-38/1 од 10.07.2025 година, усвоен со Одлука од Управен одбор на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово бр.02-38/2 од 11.07.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/8 Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2024/2025 година

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2024/2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/9 Градоначалник
31.07.2025 година на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2024/2025 година

1. **СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2024/2025 година, кој Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, го има усвоено со бр.01-260/1 од 22.07.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-114/9 Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина

Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2025 година

СЕ ОБЈАВУВА Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година.

Бр.09-970/14	Градоначалник
31.07.2025 година	на Општина Валандово
Валандово	Перо Костадинов

Врз основа на член 79, став 2 од Законот за градење ("Сл.весник на РМ" бр. 103/2009, 124/2010, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и "Сл. Весник на РСМ бр.244/19 и 18/2020, 279/2020, 96/2021, 227/2022, 111/2023, 115/2023, 224/2024, 255/2024, 3/2025, 17/2025, 87/2025 и 101/2025"), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ бр.202/2024), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 30.07.2025 година донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2025 година

Член 1

Во Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2025 година („Сл. гласник на Општина Валандово" бр. 12/2024), по точка Б - 8 се додаваат нови точки кои гласат:

„ Б-9 На КП 2712/4 КО Валандово, се дозволува поставување на лесни поднвижни елементи на урбана опрема.

Б-10 На КП 2881 КО Валандово, се дозволува поставување на тераси со или без настрешници, пред постоечките деловни објекти, максималната површина која може да ја зафаќаат терасите да биде ограничена со ширината на деловниот објект и длабочина до постоечката тераста на станбениот објект."

Член 2

Во точка В-1 зборовите „Б-1 до Б-4" се заменуваат со зборовите „Б-1 до Б–4 и од точка Б-9 до Б-10".

Член 3

Во точка Г-1 зборовите „Б-1 до Б-4" се заменуваат со зборовите „Б-1 до Б–4 и од точка Б-9 до Б-10".

Член 4

Оваа Прогрмата влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-114/14	Совет на Општина Валандово
30.07.2025 год.	Претседател
Валандово	Владимир Марков